ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ- ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 13. 06. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 3224/1 | | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО

НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојановски

Никола Мицевски

Бети Стаменкова Трајкова Б.С.Т.

Лидија Петкоска

Александар Велјановски

Александар Николоски

Ангелина Бојкова

Тони Ѓаревски

Олга Лозановска

Благица Лукоскова

Дафинка Ефтимова

Дафина Стојаноска

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИТЕ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за данокот на додадена вредност воведен е данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок и со истиот се уредува неговото пресметување и плаќање. Во законот се уредени и предметот на оданочување, даночната основа, даночните ослободувања, даночните стапки, времето на настанување на даночниот долг, даночниот должник, одбивката на претходниот данок, регистрацијата за целите на данокот на додадена вредност, административните обврски, плаќањето на данокот, како и казнените одредби за непостапување по предвидените законски обврски.

Во глава IV се определени даночните ослободувања како даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок и даночни ослободувања со право на одбивка на претходниот данок.

Во измените и дополнувањата во 2022-ра година со нов член 24-г предвидена е можност со која во услови на природни и други непогоди, на прогласена воена состојба, на утврдено постоење на вонредна или кризна состојба, кога настанале или би можеле да настана сериозни пореметувања во снабдувањето на населението или пореметувања во други области кои загрозуваат живот и здравјето на луѓето, како и во услови на потреба за обезбедување на поизводи и суровини кои се од посебно стратешко значење да се ослободи од данокот на додадена вредност прометот на производи за човечка исхрана. Иако во периодот на уредување на ова прашање постоеше потреба за регулација на ваква материјална одредба која би се применувала во овие состојби, сепак во моментов во Македонија сериозно прашање кое мора да ја уреди оваа област е снабдувањето на населението со електрична енергија за која не би се плаќал данок на додадена вредност од 18%. Потребата се наметнува од инфлацијата, која е двоцифрена и значително влијае на влошување на животниот стандард на граѓаните. За месец мај 2023 година инфлацијата во Македонија е 11.3% во споредба со истиот месец минатата година, а кај храната тој процент е уште повисок и изнесува 14.6%. Дополнително треба да се има во предвид дека инфлацијата во април 2022 година наспроти април 2021 година изнесуваше 11.9%, а кај храната и безалкохолните пијалоци 17.1%. Ваквите драстични покачувања на цените доведоа до зголемување на бројот на лица под прагот на сиромаштијата и претставуваат сериозен удар врз семејниот буџет кај сите категории на граѓани. Во насока на намалување на инфлацијата, заради социјалниот елемент на државата, неопходно е државата повторно да се откаже од данокот на додадена вредност на основните прехранбени производи на начин како што е предвидено со овој Предлог на закон.

Во глава V се определуваат даночните стапки. Во член 28 е пропишано дека данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз основа за оданочивиот промет на стоки и услуги и увоз и тоа со

18% (општа даночна стапка) и 5% и 10% (повластена даночна стапка). Со член 29 се предвидува дека општата даночна стапка се применува врз целокупниот промет и увоз, освен врз прометот и увозот кој се оданочува со повластена даночна стапка. Повластената даночна стапка од 5% се применува врз прометот и увозот на производи и услуги определени со член 30.

Повластена даночна стапка од 10% се применува на услуги на предавање на храна и пијалаци за консумација на лице место и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалаци. Со постоечкото законско решение, од 1 јануари до 30 јуни 2023 година данокот на додадена вредност со повластена даночна стапка од 10% ќе се применува врз прометот и увозот на електрична енергија за домаќинства.

Од 1 јули 2023 година Владата најавува повторна примена на општа даночна стапка на прометот на електрична енергија за домаќинства, т.е. 18% наместо постојните 10%, што ќе доведе до зголемување на сметките за струја и дополнително ќе ја намали финансиската моќ на граѓаните. Во изминатите три години Регулаторната комисија за енергетика на секои шест месеци вршеше нагорна корекција на цената на струјата која во моментов е покачена за близу 50% наспроти периодот пред 2020 година. Со цел да се амортизира драстичното покачување на цените на електричната енергија, Владата го намали износот на ДДВ од 18% на 5% до 31 декември 2022 година, по што почна да се пресметува моментална стапка од 10%.

Заради брзо намалување на стапката на инфлација предложеното законско решение ќе даде свое влијание врз ефектот од намалувањето односно од ослободувањето од ДДВ на основните прехранбени производи и на прометот со електрична енергија за домаќинства, кој ќе се пресметува со 5%, наместо со 18%.

Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за данокот на додадена вредност е преку имплементација на законските решенија содржани во него до крајот на годината инфлацијата во Македонија значајно да се намали.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за данокот на додадена вредност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува фискални импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од републичкиот буџет.

## V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за сложен и обемен закон, се предлага по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 17/2004, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 , 124/19, 275/19, 267/20, 163/21 и 57/22), по членот 24-г се додава нов член 24-д, кој гласи:

„Член 24-д

(1) Прометот на производи за човечка исхрана се ослободува од данок на додадена вредност.

(2) Владата на предлог на министерот за финансии поблиску ги определува видот на добрата од ставот (1) на овој член.“.

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 163/21) во член 4 во ставот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ а од 1 јули 2023 година врз прометот и увозот на електрична енергија за домаќинствата се применува повластена даночна стапка од 5%.“

Член 3

Видот на добрата од членот 1 на овој закон, Владата ќе го определи со одлука која ќе ја донесе во рок од 10 денови од денот на влегувањето во сила на овој закон за период до 31 декември 2023 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност содржи 4 члена и со истиот со членот 1 се предвидува производите за човечка исхрана да бидат ослободени од данокот на додадена вредност.

Со членот 2 се предвидува повластената даночна стапка од 5% на прометот на електрична енергија за домаќинства повторно да стапи на сила од 1 јули 2023 година.

Со член 3 се пропишува рокот во кој Владата ќе донесе одлука кои производи за човечка исхрана ќе бидат ослободени од данокот на додадена вредност.

Со членот 4 е уредено влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение производите за човечка исхрана ќе бидат ослободени од данокот на додадена вредност, а прометот на електрична енергија за домаќинства ќе подлежи повторно на 5% данок на додадена вредност до крајот на 2023 година.

Со предвидените измени и дополнувања се очекува побрзо намалување на стапките на инфлација, а со тоа и финансискиот товар на граѓаните од порастот на цените поради економската и енергетската криза.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД**

**ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

(„Службен весник на Република Северна Македонија 163/21)

Член 4

Одредбите од членот 2 со кои се додава нов член 30-б од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2022 година и ќе се применуваат до 30 јуни 2023 година.